# АНДРЕА **СЕРАФИМОВСКИ**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ГРАДЕЖНИШТВО, ИНДУСТРИЈА НА ГРАДЕЖНИ МАТЕРИЈАЛИ И НЕМЕТАЛИ




**Андреа Серафимовски**, роден на 24.08.1984 година во Гостивар, дипломира на Градежниот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје. По дипломирањето, работната кариера како градежен инженер ја започнува во оперативата на компанијата ГД „Гранит“ АД Скопје, каде учествува во изградбата на повеќе објекти од високоградбата и нискоградбата и го стекнува првото искуство во областа на градежништвото.

Во 2011 година е назначен за првиот директор на новоформираната организациона единица Високоградба. Со формирање на нов сектор Оператива во 2015 година, кој покрај управување и организирање на работењето на високоградбата, ја управува и организира и изградбата на автопатиштата, аеродромите и другите објекти од нискоградбата, како и услужните дејности како што се механизацијата, каменоломите, бетонските и асфалтните бази, е назначен за прв директор на секторот. Во овој период компанијата учествува во изградба на повеќе значајни објекти во земјата и во странство финансирани од националниот буџет и реномирани меѓународни банкарски институции, меѓу кои: проектирање и изградба на автопатот Прњавор-Добој, проектирање и изградба на автопатот Бања Лука-Добој, изградба на автопатот Кичево-Охрид (делница Кичево-Подвис), изградба на автопатот Миладиновци-Штип (делница Св.Николе - Штип), изградба на експресен пат Штип-Кочани (делница Штип-Крупиште) Рехабилитација и санација на државен пат Делница Тетово-Џепчиште, изградба на Гасовод Неготино-Битола, изградба на Автопат А4 Блаце-Скопје, Рехабилитација на Државен пат А2 Крива Паланка-Деве Баир, изградба на Експресен пат Крива Паланка-Длабочица, изградба на државни институции и административни објекти, Факултетот за драмски уметности, Државниот архив, Археолошкиот музеј, Уставниот суд на РСМ, Спортскиот центар „Јане Сандански", изградба на автосалон „Аутомотив“, Македонската Филхармонија, Кривичен суд на на РСМ, Антенски систем за контрола и мониторинг на радиофреквенции на територијата на Р.М, изградба на мост на бул.„АСНОМ“ II фаза од ул.„Васко Карангелески“ до ул. „Индустриска“, изградба на Мост на река Вардар -ул.„Љубљанска“, проект за изградба на 145 училишни спортски сали, како и изградба, реконструкција и рехабилитација на над сто и педесет други објекти.

На 24.04.2015 година е именуван за член на Управниот Одбор на ГД „Гранит“ АД Скопје, која што функција ја извршува до денес. Во 2013 година е именуван за член на Управниот одбор на Друштвото на градежни конструктори на Македонија, каде што од 2017 ја извршува и функцијата заменик-претседател на друштвото.

На 28.4.2015 година е избран за претседател на Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметали при Стопанската комора на Македонија, За времетраење на мандатот, активно го претставува Здружението, учествувајќи на повеќе домашни и меѓународни настани, конференции и стручни дебати, членувајќи во работни групи за измена на правната рамка од областа на градежниот сектор и застапувајќи ги интересите на компаниите - членки пред институциите и пошироката јавност.

Како признение за дадените заложби за равој на градежниот сектор и воедно ангажман во коморскиото работење, повторно му е укажана доверба од страна на членките компании во здружението и тој на 30.09.2020 година е реизбран за Претседател на Здружението на градежништво, индустријата на градежните материјали и неметали при Стопанската комора на Северна Македонија.

Во рамки на својата кариера добитник е на повеќе награди и признанија меѓу кои и Признанието за најдобро остварување од областа на градежното конструкторство за категоријата Изведба на конструкции за 2015 година - „Изведба на објект Државен архив на РМ, Уставен суд на РМ и Археолошки музеј - Скопје", како и за 2017 година - "Изведба на кровот и фасадите на објектот Македонска Филхармонија во Скопје" за кој што објект е добитник и на специјално признание за придонес при изградбата од страна на Министерството за култура. На 20 Меѓународен Симпозиум во организација на Друштвотот на градежни конструктори на Македонија, ГД Гранит АС Скопје беше добитник на признание за особено достигнување во градежното конструкторство за 2022 година, за изведба на објектот Изградба на мост на бул.„АСНОМ“-II фаза од ул. „Васко Карангелески“ до ул. „Индустриска“.

Неговиот придонес во секторот го дава и преку Друштвото на градежни конструктори на Македонија каде е актуелен потпретседател, со започнат втор мандат на истата позиција од 2022 година.